Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# *КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА*



**јануари 2024 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

# СОДРЖИНА

Р Е З И М Е....2
1. РЕАЛЕН СЕКТОР....3
Индустриско производство....3
Број на работници во индустријата....4
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите....5
Број на извршени градежни работи по видови објекти....5
Промет во секторот трговија....6
Инфлација....6
Берзански цени....8
2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА....10
Извоз....10
Увоз....12
Салдо на трговска размена....12
Валутна структура....13
3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР....13
Буџетски приходи според економската класификација....13
Буџетски расходи според економската класификација....14
Расходи по буџетски корисници....15
Буџетско салдо....17
4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР....17
Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување....17
Плати....18
Пензии....19
5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР....20
Примарни пари....20
Кредити на банките....21
Каматни стапки на депозитни банки....22
Пазар на капитал....22
Девизни резерви....23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

## јануари 2024 година

- Во јануари 2024 година, индустриското производство забележа раст од 2,8% во споредба со истиот месец претходната година;
- Стапката на инфлација во јануари изнесува 3,2% и таа е намалена за 0,4 п.п. во споредба со претходниот месец (3,6% во декември 2023 година), што претставува забавување на годишниот раст во споредба со минатиот месец, а на месечно ниво стапката на инфлација се намали за 0,3%;
- Во јануари 2024 година, извозот забележа пад од 11,4%, а увозот од 5,8%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 9,4% споредено со истиот месец од 2023 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во јануари 2024 година изнесуваа 21.467 милиони денари, односно 2,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,4% во однос на јануари 2023 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во јануари 2024 година изнесуваа 24.269 милиони денари, односно 2,5% од БДП, што е за 17,3% повеќе во однос на јануари претходната година;
- Во јануари 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 5,7% во спореба со јануари 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 10,0%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во јануари 2024 година, индустриското производство забележа раст од 2,8% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголеменото производство од 8,1% во секторот Преработувачка индустрија, додека пад бележат секторите: Рударство и вадење камен од 14,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 21,7%.




Раст на производството во јануари 2024 година бележат 14 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 56,3% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, раст во јануари 2024 година е забележан кај производството на моторни возила, приколки и полуприколки од 38,8% со придонес од 5,1 п.п., производството на метали од 64,2%, со придонес од 2,9 п.п. и производството на електрична опрема од 9,0% со придонес од 0,5 п.п., а пад е забележан само во гранката производството на машини и уреди од 4,0% со придонес од -0,3 п.п..

Од традиционалните гранки, зголемување на производството во јануари 2024 година се забележува кај: производството на пијалаци за 40,2% и придонес од 1,3 п.п., производството на текстил за 12,4% и придонес од 0,6 п.п., прехранбената индустрија за 2,3%, со придонес од 0,2 п.п., производството на тутунски производи за 17,4% со придонес од 0,2 п.п., додека намалување се забележува кај: производството на облека за 26,7% со придонес од -1,7 п.п., производството на кожа за 57,9% со придонес од -0,4 п.п. и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 71,8% и придонес од -0,5 п.п..




Зголемување на индустриското производство според намената на произведените единици во јануари 2024 година е резултат на зголеменото производство во следните групи: Енергија (раст од 19,7% со придонес од 2,5 п.п.) и Капитални производи (раст од 41,2% со придонес од 9,5 п.п.), додека намалување на производство се забележува во групите: Интермедијарни производи, освен енергија (пад од 13,0% со придонес од -3,9 п.п.), Трајни производи за широка потрошувачка (пад од 26,7% со придонес од -1,0 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 6,8% со придонес од -2,1 п.п.).







## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во јануари 2024 година е зголемен за 2,6% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на зголемениот број работници во сите сектори: Рударство и вадење камен за 6,0%, Преработувачка индустрија за 2,4% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,8%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: поправка и инсталирање на машини и опрема за 52,6%, производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 19,5% и производство на пијалаци за 15,3%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во јануари 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст се забележува во групите Енергија од 4,5%, Капитални производи од 17,5% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,6%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2024 година издадени се вкупно 256 одобренија за градење, што претставува значителен пад од 34,4% во однос на истиот месец од 2023 година, како резултат на годишниот пад на издадените одобренија за градење за објекти од високоградбата за 1,8% (тие учествуваат со 64,8% во вкупниот број издадени одобренија за градење) и за објектите за реконструкција за 53,3%. Споредено со декември 2023 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 12,6%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во јануари 2024 година е пониска за 41,6% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад од 29,6%.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(јануари 2024)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење 166 (или 64,8%) се наменети за објекти од високоградба, 48 (или 18,8%) за објекти од нискоградба и 42 (или 16,4%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 256 издадени одобренија за градба на 164 објекти (или 64,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 92 објекта (или 35,9%) деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во јануари 2024 година предвидена е изградба на 615 станови со вкупна корисна површина од 56.031м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е зголемен за 40,1% на месечно ниво, а намален за 9,2% на годишно ниво.

Графикон 1.7: Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во декември 2023 година изнесува 5.082 милиона денари, што претставува номинален годишен раст од 20,5%, при што кај нискоградбата се забележува раст од 25,2%, а кај високоградба од 14,8%. Споредено со ноември 2023 година, вкупната вредноста на извршените градежните работи бележи раст од 43,4%, и тоа кај нискоградбата за 12,7%, а кај високоградбата за 122,6%.

Кумулативно, во периодот јануари – декември 2023 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 33.137 милион денари, што е за 6,2% повеќе во споредба со истиот месец минатата година.

**Графикон 1.8:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која извршените градежни работи во текот на дванаесетте месеци од годината изнесуваа 19.575 милиони денари, односно 14,6% повеќе во однос на истиот период минатата година. Вредноста на извршените работи кај високоградбата во овој период е намалена за 3,9% и изнесуваше 13.563 милиони денари.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - декември 2023 година е намалена за 2,1%, при пад кај високоградбата (11,3%) и раст кај нискоградбата (5,4%).

## Промет во секторот трговија

Во јануари 2024 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен пад на прометот од 5,1%, по растот од 2,5%, во декември 2023 година. Вредноста на прометот во јануари 2024 година изнесува 59.071 милион денари.

**Графикон 1.9:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)




На реална основа, трговијата на мало во јануари 2024 година бележи годишен пад од 2,9%, додека анализирано по групи и класи намалување се забележува во сите групи: кај трговијата на мало со автомобилски горива за 19,3%, кај трговијата на мало со непрехранбени продукти за 3,8% и кај трговијата на мало со храна, пијалоци и тутун за 0,8%.

Во јануари 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (52,87%), потоа Трговија на мало (41,65%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (5,48%).

## Инфлација

Стапката на инфлација во јануари 2024 година изнесува 3,2% и споредено со претходниот месец (3,6% во декември 2023 година) таа е намалена за 0,4 п.п. . Годишната стапка на инфлација за 2023 година изнесува 9,4%.

Во јануари 2024 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) изнесува 5,2% на годишна основа (5,5% претходниот месец), што покажува постепено забавување кај неа. Најголем позитивен придонес имаат зголемените цени во категориите Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата, Ресторани и хотели и Облека и обувки.



Графикон 1.10: Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 1,9%, односно зголемување од 0,3 п.п. во споредба со претходниот месец, при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во јануари изнесува 0,8 п.п.. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа следните поткатегории: зеленчук (годишен раст од 23,1%, придонес од 1,1 п.п.), овошје (годишен раст од 13,1%, придонес од 0,3 п.п.) и месо (годишен раст од 1,1%, придонес од 0,1 п.п.). Негативен придонес во растот на цените на храната имаа: млеко, сирење и јајца (-0,4 п.п.), масло (-0,3 п.п.) и леб (-0,2 п.п.).

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во јануари 2024 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 12,6%. Раст на цените е регистриран и во другите категории, и тоа: Ресторани и хотели од 7,0%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 6,3%, Здравствена заштита од 5,8%, Разновидни стоки и услуги од 5,2%, Рекреација и култура од 5,0%, Облека и обувки од 4,9%, Образование од 2,8%, Комуникации од 2,1% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,9%. Намалување се забележува единствено во категоријата Транспорт од 2,0%.



Графикон 1.11: Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)

Во јануари, потрошувачките цени се намалија за 0,3% на месечно ниво (минатиот месец цените се зголемија за 0,2%). Цените на храната се зголемија за 0,1% и најголем придонес во зголемувањето имаше растот на цените на зеленчукот. Овој месец освен кај Храната и безалкохолните пијалаци, цените се зголемија и во категориите Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици за 1,5%, Ресторани и хотели за 1,3%, Мебел, покуќнина и редовно одржување во домаќинствата за 0,6% и Здравствена заштита за 0,5%. Пад на цените на месечно ниво е регистриран во следните категории: Транспорт од 4,9%, Облека и обувки од 1,0%, Домување, вода, електрична енергија и гас од по 0,8% и Рекреација и култура од 0,7%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Во јануари 2024 година цените на мало се зголемија за 2,8% на годишно ниво. На месечна основа, пак, регистрираа пад од 1,2%.

Во јануари 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната регистрира намалување за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 2,8% (2,9% во декември 2023 година).

ЕЦБ ја ревидираше стапката на инфлација за еврозоната во надолна насока, и тоа за 0,5 п.п. за 2024 година, додека стапката на инфлација за 2025 година останува иста. Согласно проекциите, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,7%, во 2025 година 2,1% и во 2026 година 1,9%.

Графикон 12: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




Во 2024 година се очекува постепено намалување на инфлацијата, а на крајот од годината намалување на главните компоненти на инфлацијата со што ќе се постигне таргетот на ЕЦБ од 2,0% во втората половина од 2025 година.

## Берзански цени

Во јануари 2024 година, цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи се зголеми за 3,0% на месечно ниво и изнесува 80,2 долара за барел. Овој месец цената се зголеми откако претходно 3 месеци по ред регистрираше пад како резултат на стивнувањето на тензиите на Блискиот Исток и забавениот економски раст на еврозоната. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 3,4%.

Графикон 1.13: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Во јануари 2024 година, цената на природниот гас регистрира пад од 1,5% на месечно ниво, а на годишно ниво се намали за 37,2%. Овој тренд на намалување на цената на природниот гас започна при крајот на 2022 и продолжи во 2023 година.

Во 2023 година се забележува стабилизирање и намалување на цените на енергентите на светските и регионалните берзи, по значителниот раст во текот на 2021 и 2022 година. Цената на електричната енергија во јануари 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 85,73 евра за мегават/час и на месечно ниво е зголемена за 4,9%, а на годишно ниво намалена за 45,0%.

Графикон 1.14: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Табела 1.1. Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

Во јануари 2024 година, цените на повеќето основни метали се зголемија. На месечно ниво се зголемија цените на: оловото за 2,9%, калајот за 2,0% и на цинкот и алуминиумот за по 0,5%, а на бакарот се намалија за 0,7%. Цената на железната руда регистрира пад од 0,9% на месечна основа.

Графикон 1.15: Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

Во јануари 2024 година, цената на златото се зголеми за 0,4%. Другите благородни метали регистрираа намалување на месечна основа, па така платината и среброто се намалија за 1,0% и 4,0%, соодветно.

Во јануари, цените на пченката и пченицата се намалија на месечна основа за 3,8% и 2,8%, соодветно. Цената на сончогледовото масло остана речеси непроменета.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во јануари 2024 година изнесува 1.350,8 милиони евра и бележи пад од 8,2% во однос на истиот месец минатата година.

Во јануари 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е зголемено за 4,2 п.п. споредено со јануари 2023 година и изнесува 63,7%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во јануари 2024 година изнесува 23,3% и е на исто ниво во споредба со истиот месец од 2023 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во јануари 2024 година изнесува 550,6 милиони евра и бележи пад од 11,4% (70,7 милиони евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а физичкиот обем на извозот е намален за 1,3% споредено со јануари 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2024 година извозот бележи пад од 16,4% (107,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 7,6%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (8,7 п.п.) врз извозот овој месец.

Вредноста на извозот на храна во јануари 2024 година е зголемена за 3,9 милиони евра, што претставува раст од 16,2% во однос на јануари 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 11,4%. Учеството на храната во структурата на вкупниот извоз на нашата земја во јануари 2024 година изнесува 5,1% и е зголемено за 1,2 п.п. во однос на јануари 2023 година.

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

Анализирано според економските групации[2] на земјите, во јануари 2024 година споредено со јануари 2023 година, извозот бележи раст само во групацијата Северноамериканска зона на слободна трговија, додека пад има во групациите ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 9,2% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан пад од 12,7%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан учествува со 79,4% и 11,4%, соодветно, во вкупниот извоз на Република Северна Македонија.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увозот во јануари 2024 година изнесува 800,2 милиона евра, што претставува пад од 5,8% (49,2 милиона евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се намалени за 10,9% споредено со јануари 2023 година.

[2] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

Анализирано на месечно ниво, во јануари 2024 година увозот бележи пад од 16,6% (159,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 0,8%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (17,5 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во јануари 2024 година е зголемена за 11,3 милиони евра, што претставува раст од 15,3% во однос на јануари 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 20,0%. Во јануари 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 10,6% и е зголемено за 1,9 п.п. во однос на истиот месец од 2023 година.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2023 | I - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 11,2 | 6,0 | -5,2 | -46,1 |
| Мил. ЕУР | 10,4 | 4,9 | -5,5 | -52,7 |
| Мил.$ | 11,3 | 5,4 | -5,9 | -52,3 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2023 | I - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 100,8 | 93,8 | -7,0 | -7,0 |
| Мил. ЕУР | 81,5 | 67,2 | -14,3 | -17,5 |
| Мил.$ | 87,9 | 73,4 | -14,5 | -16,5 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2023 | I - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,3 | 1,5 | -1,9 | -56,5 |
| Мил. ЕУР | 162,6 | 127,0 | -35,6 | -21,9 |
| Мил.$ | 176,0 | 138,4 | -37,5 | -21,3 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2023 | I - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1,5 | 1,8 | 0,3 | 17,2 |
| Мил. ЕУР | 11,3 | 11,9 | 0,6 | 5,4 |
| Мил.$ | 12,2 | 13,0 | 0,7 | 6,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2023 | I - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 53,4 | 64,8 | 11,4 | 21,3 |
| Мил. ЕУР | 45,6 | 50,7 | 5,1 | 11,1 |
| Мил.$ | 49,2 | 55,3 | 6,1 | 12,4 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - 2023 | I - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 77,4 | 45,8 | -31,6 | -40,8 |
| Мил. ЕУР | 54,2 | 31,4 | -22,8 | -42,0 |
| Мил.$ | 58,7 | 34,3 | -24,4 | -41,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во јануари 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 9,4% односно 21,5 милиони евра споредено со истиот месец од 2023 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на зголемувањето на дефицитот во размената со: храна и пијалаци, стоки за инвестиции без транспортна опрема, индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во јануари 2024 година, 82,1% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Грција и Кина, а потоа следуваат: Турција, Бугарија, Полска, Србија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Чешка, Шпанија и други.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 93,1% од трговската размена во јануари 2024 година е реализирана во евра, што во однос на јануари 2023 година претставува зголемување за 1,1 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 95,3% и 91,6%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 1,4 п.п., а кај увозот за 1,0 п.п. во однос на јануари 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - 2023 | | | | | I - 2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 484,8 | 770.228.424 | 61,6181 | 47.460.012.029 | 90,6 | 432,3 | 733.245.895 | 61,6065 | 45.172.713.227 | 91,6 | -36.982.529 | -4,8 |
| УСД | 46,1 | 80.279.668 | 57,2404 | 4.595.240.321 | 8,8 | 40,1 | 65.404.529 | 56,4449 | 3.691.752.125 | 7,5 | -14.875.139 | -18,5 |
| ГБП | 0,1 | 1.053.069 | 69,8443 | 73.550.866 | 0,1 | 0,2 | 1.884.045 | 71,6862 | 135.060.015 | 0,3 | 830.976 | 78,9 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 531,0 | | | 52.128.803.215 | 99,4 | 472,6 | | | 48.999.525.367 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 531,9 | | | 52.360.523.816 | 100,0 | 473,8 | | | 49.309.941.000 | 100,0 | | -5,8 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Во јануари 2024 година, вкупните приходи на Буџетот изнесуваат 21.467 милиони денари, односно 2,2% од БДП, што претставува повисоко остварување за 11,4% во однос на јануари 2023 година. Растот на буџетските приходи произлегува од позитивниот придонес на даночните приходи и придонесите и во помал обем на неданочните приходи (придонес од 4,1 п.п., 6,3 п.п. и 1,8 п.п., соодветно). Притоа, во јануари 2024 година, даночните приходи изнесуваат 12.515 милиони денари и забележаа раст од 6,7% на годишна основа, како резултат на зголемувањето на приходите по основ на данок од личен доход, данок на добивка, акцизи, увозни давачки и други даночни приходи.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од ДДВ имаат доминантно учество од 48,2% во вкупните даночни приходи, со остварен износ од 6.038 милиони денари, и бележат намалување од 2,5% во однос на јануари 2023 година. Притоа, годинава ДДВ е наплатен во бруто-износ од 10.007 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 3.969 милиони денари (бруто наплатата е повисока за 5,8%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 21,5% споредено со јануари 2023 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 5,1%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување за 6,8%. Акцизите се остварени во износ од 2.313 милиони денари

(учество од 18,5% во даночните приходи), што претставува зголемување од 2,7% во споредба со јануари 2023 година. Следствено, приходите од овие два индиректни данока изнесуваат 8.351 милион денари, што претставува 66,7% од вкупните даночни приходи во јануари 2024 година.

Приходите од данокот на личен доход изнесуваат 2.104 милиони денари што претставува раст од 27,9% на годишна основа, а притоа 63,0% од приходите се од плата и други лични примања, 8,2% од приходи од капитал, 8,4% од приходи по основ на договор на дело, 8,1% од приходи од игри на среќа и наградни игри и 12,3% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во јануари 2024 година изнесуваат 1.103 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 27,4% во однос на истиот период претходната година, како резултат на позитивните остварувања кај месечните аконтации коишто се зголемени за 7,9%, а даночните биланси се намалени за 104,6%.

Приходите од царина се остварени во износ од 873 милиони денари и забележаа зголемување од 22,8%. Приходите од други даноци со остварен износ од 84 милиони денари забележаа зголемување за 44,8% во однос на јануари 2023 година.

Социјалните придонеси изнесуваат 7.068 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 20,8% споредено со јануари претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 20,7%, кај придонесите за вработување за 20,7% и кај придонесите за здравствено осигурување за 20,9%.

Неданочните приходи изнесуваат 1.518 милиони денари и во однос јануари 2023 година забележаа повисоко остварување за 29,8% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се остварија во износ од 100 милиони денари, што преставува намалување од 3,8% во однос на јануари минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка изнесуваат 158 милиони денари или за 50,8% пониски во однос на јануари 2023 година.

## Буџетски расходи според економската класификација

Во јануари 2024 година, вкупните расходи на Буџетот изнесуваат 24.269 милиони денари, односно 2,5% од БДП, што е за 17,3% повеќе во однос на јануари претходната година. Растот на буџетските расходи се должи на зголемувањето на тековните трошоци за 19,5%, додека капиталните трошоци бележат намалување за 15,8%.

Во структурата на реализираните вкупни расходи во јануари 2024 година, тековните расходи во износ од 23.202 милиона денари учествуваа со 95,6% и се зголемија за 19,5% во однос на јануари 2023 година.

Реализацијата на платите и надоместоците изнесува 3.361 милион денари, што претставува зголемување за 24,8% во однос на јануари претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,8%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Расходите за стоки и услуги изнесуваат 1.084 милиони денари и споредено со јануари 2023 година забележаа зголемување од 6,9%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваат 18.077 милиони денари. Средствата за трансфери бележат раст од 25,4% во јануари 2024 година, а учествуваа со 74,5% во вкупните расходи.




Во рамки на трансферите, раст од 23,4% се забележува кај социјалните трансфери, кои изнесуваат 14.103 милиони денари, со што нивното учество во вкупните расходи изнесува 58,1%. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, изнесуваат 9.294 милиони денари, што претставува зголемување за 32,2% споредено со јануари 2023 година. Нивното учество во вкупните расходи изнесува 38,3%. Во категоријата Други трансфери е регистрирано зголемување од 36,2%, а притоа субвенциите и трансферите изнесуваат 1.480 милиони денари што претставува зголемување за 113,6%. Блок-дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 2.116 милиони денари бележат зголемување од 12,0% во споредба со јануари 2023 година.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи изнесуваат 1.067 милиони денари со структурно учество од 4,4% во вкупните расходи, така што забележаа пониска реализација за 15,8% во споредба со јануари 2023 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.




Министерството за труд и социјална политика во јануари 2024 година реализира 8.894 милиони денари или 15,1% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (79,1%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 7.036 милиони денари или 18,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 13,2% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 8,6% (1.174 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 2.583 милиони денари, што е 6,9% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (69,0%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 1.782

милиона денари или 8,3% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 20,9%, за што се потрошени 539 милиони денари, односно 8,2% од вкупно предвидените.

Во јануари 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 1.128 милиони денари, што претставува 8,6% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 69,4%, за што се потрошени 782 милиона денари или 8,5% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 16,0% и за таа намена беа реализирани 181 милион денари или 8,1% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 24 милиони денари што претставува 0,3% од планираните средства за тековната година. За плати и надоместоци како најзначајна расходна ставка, коишто учествуваат со 48,0% во вкупните расходи, реализирани се 7,9% од планираните средства за цела година, односно 12 милиони денари. Втора најзначајна ставка е капитални расходи со учество од 37,4%, и за таа намена беа реализирани 9 милион денари или 0,7% од годишниот план.

Во јануари 2024 година, Министерството за одбрана реализира 909 милиони денари, што е 4,5% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 51,4%, па за таа намена реализацијата изнесува 468 милиони денари (8,0% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествуваат со 27,9% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 254 милиони денари, односно 5,0% од вкупно предвидените.

Во анализираниот период, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 622 милиона денари, односно 12,0% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенции и трансфери учествуваат со 83,2% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се во износ од 518 милиони денари (16,0% од предвидените средства).

Министерството за здравство во јануари 2024 година изврши буџетски средства во износ од 183 милиони денари или 2,4% од вкупниот буџет за 2024 година. Капитални расходи има најголемо учество во расходите со 78,8%, за што се потрошени 144 милиони денари или 17,0% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 26 милиони денари (0,8% од планираното за годината) и учество од 14,1% во вкупните расходи.

Во овој период, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 165 милиони денари, што е 0,8% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 68,1% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (112 милиони денари или 0,6% од вкупно планираните средства).

Во јануари 2024 година, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 70 милиони денари, што претставува 4,1% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (51 милион денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 72,9%, а реализацијата изнесува 8,6% од вкупно планираните. По основ на стоки и услуги отпаѓаат 17,7% од вкупните расходи, за што се реализирани 12 милиони денари или 4,1% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## Буџетско салдо

Во јануари 2024 година дефицитот во Буџетот на Република Северна Македонија изнесува 2.802 милиона денари, што претставува 0,3% од БДП, а дефицитот на Централниот буџет 4.137 милиони денари и претставува 0,4% од БДП. Буџетскиот дефицит во јануари 2024 година изнесува 8,0% од вкупно планираниот буџетски дефицит за оваа година.

**Графикон 3.5.** Буџетски дефицит, кумулативни податоци (мил. денари)




Извор: МФ.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во јануари 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 16.393 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број новвработени лица е зголемен за 5,0%. Бројот на новозасновани работни односи почнувајќи од април 2021 година до средината на 2022 година бележи тренд на позначителен годишен раст, а во периодот потоа е на релативно стабилно ниво. Трендот на раст, меѓу другото, беше резултат и на базниот ефект, откако во април 2020 година темпото на вработување беше забавено поради негативните ефекти од пандемијата.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број новвработени, 45,3% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број новозасновани работни односи во јануари 2024 година 14,3% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Вкупниот број невработени лица во јануари 2024 година изнесува 152.684, од кои 105.803 лица се активни баратели на работа, а 46.881 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 3,3%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на декември 2023 година бројот на невработени е намален за 57 лица. Бројот на невработени лица во цела 2020 година па сè до февруари 2021 година генерално беше во пораст, а почнувајќи од март 2021 година наваму бележи тренд на месечно намалување.

Најголем дел од активните невработени лица (59,3%) е градско население, а според половата структура 48,0% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,6% е со непотполно средно образование или помалку, 23,7% со завршено средно образование, а 7,6% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 50,5% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 58,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 12,4% чекаат 8 и повеќе години.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

## Плати

Просечната номинална нето-плата во декември 2023 година изнесува 39.998 денари и оствари годишен раст од 16,4%, а во однос на ноември 2023 година таа е повисока за 4,3%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на декември 2022 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (27,5%), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (27,1%) и Градежништво (21,8%). Во декември 2023 година, реалните плати забележаа годишен раст од 12,3%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Највисока просечна нето-плата во декември 2023 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (73.753 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (98.307 денари), по што следуваат Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 56.248 денари, секторот Финансиски дејности со 55.308 денари, секторот Рударство и вадење камен со 50.553 денари и секторот Стручни, научни и технички дејности со просечно исплатена нето-плата во висина од 47.428 денари.

**Графикон 4.5**: Просечна нето-плата по сектори, декември 2023 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во декември 2023 година изнесува 60.036 денари и споредено со истиот месец од 2022 година порасна за 16,8%, а на месечна основа таа е повисока за 4,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во декември 2023 година во однос на декември 2022 година се забележува во следните сектори: Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (28,2%), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (27,1%) и Градежништво (21,5%).

## Пензии

Во јануари 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 336.282 пензионера. Од вкупниот број пензионери 70,0% се корисници на старосна пензија, 22,1% на семејна пензија и 7,9% на инвалидска пензија.

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија *(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Просечната пензија во јанури 2024 година изнесува 20.112 денари односно за 14,0% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[3]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите, според новата методологија која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември, почнувајќи од март 2022 година.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во декември 2023 година (последни расположливи податоци) изнесува 50,4%.

Просечната старосна пензија во јануари 2024 година изнесува 21.703 денари, просечната инвалидска пензија 17.860 денари, а просечната семејна пензија 15.873 денари. За исплата на

[3] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

пензиите овој месец се потрошени 7.117 милиони денари, што претставува 50,5% од вкупните социјални трансфери.

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во јануари 2024 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на нивото од 6,30%. Во првата половина од 2023 година продолжи трендот на зголемување на основната каматна стапка со цел да се одржи стабилноста на девизниот курс и среднорочната ценовна стабилност во услови на зголемени цени, меѓутоа веќе четири месеци по ред основната каматна стапка е непроменета односно остана на нивото од 6,30%.

Во јануари 2024 година расположливите депозити преку ноќ и на седум дена изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

### Примарни пари

Во јануари 2024 година, примарните пари[4] се зголемија за 13,0% на месечно ниво. Растот на примарните пари се должи на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 27,2%, додека готовите пари во оптек останаа непроменети.

На годишно ниво, примарните пари регистрираа раст од 14,0%, што е резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства на банките и на готовите пари во оптек за 18,4% и 9,2%, соодветно.

Графикон 5.1: Валутна структура на депозити и кредити
( јануари 2024 година)




Извор: НБРСМ.

### Депозитен потенцијал[5]

Во јануари 2024 година, вкупните депозити на банките останаа непроменети на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата се намалија за 1,8% и 0,1%, соодветно.

Од аспект на валутата, во јануари 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна валута се намалија за 0,5%, а депозитите во странска валута се зголемија 0,6%.

Вкупниот депозитен потенцијал во јануари 2024 година оствари раст од 10,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна и во странска валута на годишно ниво се зголемија за 12,9% и 6,4%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 15,9% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 7,8%.

[4]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

[5]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (јануари 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***534.204*** | ***0,0%*** | ***10,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *302.785* | *-0,5%* | *12,9%* |
| *Странска валута* | *231.418* | *0,6%* | *6,4%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *218.003* | *1,0%* | *2,4%* |
| *Долгорочни* | *120.360* | *2,1%* | *23,5%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***443.871*** | ***-0,2%*** | ***5,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *256.904* | *-0,3%* | *6,6%* |
| *Странска валута* | *186.967* | *0,0%* | *4,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *66.737* | *-0,4%* | *-3,1%* |
| *Долгорочни* | *360.698* | *-0,6%* | *7,4%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 2,4%, а долгорочните депозити за 23,5%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 56,7%.

Графикон 5.2: Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

## Кредити на банките

Во јануари 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се намалија за 0,2% на месечно ниво, во услови на пад на кредитирањето на домаќинствата за 0,7% и раст на кредитите кон претпријатијата за 0,3%

Од аспект на валутата, во јануари 2024 година денарските кредити се намалија за 0,3%, а девизните кредити останаа непроменети на месечна основа.

На годишна основа, во јануари 2024 година вкупните кредити се зголемија за 5,7%, во услови на раст на кредитите на претпријатија и кредитите кон домаќинствата за 4,3% и 6,9%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 6,6%, а кредитите во странска валута за 4,5%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 7,4%, додека краткорочните кредити се намалија за 3,1%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во јануари 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се зголеми за 0,08 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,55%. Каматната стапка на денарските кредити се зголеми за 0,17 п.п. на месечно ниво и изнесува 5,91%, а на девизните кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 5,12%.




Во јануари 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се намали за 0,07 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 1,72%. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се намалија за по 0,07 п.п. на месечно ниво и изнесуваат 2,20% и 1,32%, соодветно.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,46%, а на новоодобрените девизни кредити 4,73%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,65% и 1,78%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во јануари 2024 година се зголеми за 39% на месечно ниво, како резултат на растот на прометот од блок трансакциите за 295,9% и на прометот од класичното тргување за 31,8%.




Вкупниот промет на берзата во јануари 2024 година изнесува 453,4 милиони денари што претставува зголемување за 130,5% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на јануари 2024 година изнесува 6.472,19 индексни поени, при што на месечно ниво тој е зголемен за 5,8%, а во однос на истиот месец претходната година за 10,8%.

## Девизни резерви

На крајот на јануари 2024 година, бруто девизните резерви изнесуваат 4.337,34 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 4,4%, а во однос на јануари 2023 година се зголемија за 14,9%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0